# ЈПКД "КОМУНАЛЕЦ" - ГЕВГЕЛИЈА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО 2015 ГОДИНА

**Гевгелија**
**јануари 2016**

## СЕКТОР ВОДОВОД, БАЖДАРЕЊЕ, КАНАЛИЗАЦИЈА И ГРАДЕЖНА ГРУПА

### Производство на вода

Основни активности :

1. Производство на количина на вода која во потполност ќе ги задоволи потребите на жителите приклучени на регионалниот водовод. Да биде обезбедено годишно производство на вода во количини од 2.5 до 4.0 милиони кубни метри вода.

Производството на вода се остварува од две бунарски подрачја, бунари Моин и бунари Вардар. На бунари Моин имаме четири цевасти бунари, а на бунарско подрачје Вардар имаме класичен бунар. Од овие бунарски подрачја се обезбедува потребната количина на вода за задоволување на потребите од вода.

Во 2015 год од Бунарските подрачја ,,Моин,,произведено е 2.241 189 м/3 вода а од бунарско подрачје ,,Вардар,, произведено е 658 127 м/3 вода или вкупно во 2015 год. од овие бунарски подрачја произведено е 2.899.316 м/3 вода за потребите на корисниците.

Снабдувањето на населените места Негорци,Прдејци,Смоквица и Миравци (со Милетково и Давидово) се врши преку самостојни водоводни системи – комбинирано од извори(каптажи) и бунари со вградени длабински пумпи кој се користат по потреба во случај на недостаток на вода.

Во 2014 год. за овие населени места произведена е вода и тоа.

Населено место Негорци –произведено-испорачано 430.000м/3

Населено место Прдејци –произведено-испорачано.95.000 м/3

Населено место Смоквица- произведено 40.000 м/3

Миравци (со населени места Давидово и Милетково) произвед. 400.000 м/3

2. Редовно хлорирање на водата и перманента контрола на процентот на хлор во водата.

Хлорираме со натриум хипохлорид и хлор во гасовита состојба во боци под притисок. Со натриум хипохлоридот хлорираме на бунари,,Вардар,, и останатите населени места (Негорци,Прдејци,Смоквица и Миравци) а со систем на гасовито хлорирање на бунари ,,Моин,, Со ротометарот истовремено вршиме и контрола на процентот на хлор.Во тек на 2014 год за подобрување на состојбата со хлорирање на сирова вода беше поставено хлоринаторна пумпа на резервоар во нас.место Негорци како И дозир пумпа на резервоар Смоквица.

3. Физичко обезбедување на бунарските подрачја и резервоарот Моин.

Постојано присуство од вработени лица –Дежурство на Бунарски подрачја ,,Моин,, Вардар,, и Резервоар ,,Стопанство,,

4. Контрола и сервисирање на хидротехничка и електро опрема..

Во 2015 се извршени редовни квартални контроли на „Агрегат од 160 кw ,, поставен на бунарско подрачје ,,Моин,, извршени се редовни контроли на катодната застита на челичниот потисен и доводен цефковод.

5. Започната е одбележување на заштитни зони на извориштата на вода-бунари Каптажи и резервоари и поставени се видливи табли со натписи на заштитната

зона ,пристапено е и е изработен Елаборат за одредување на заштитни зони на Бунарски подрачја ,,Моин,, и ,,Вардар,,.

**Водовод**

Во 2015 год.за извршувањето на потребните активности –работи се ангажирани: десет водоинсталатери; тројца физички работници; еден извршител во баждарница, Бројот на ангажираните лица -вработени во делот на водоводот воглавно ги задоволува потребите за одржување на водоводната мрежа . Во секторот водовод единствено има потреба од ангажирање-вработување на лица за извршување на активноста околу баждарењето на водомерите и функционирањето на ,,Баждарницата,, и тоа: еден (1) извршител за поправка и баждарење на водомери и еден (1) извршител -администратор за водење комплетна евиденција на прием ,поправка и издавање на водомери., како и ангажирање на лице за извршување на работи во делот на водење на ГИС (географски информатички систем) и катастар на подзенба инфраструктура.
Мрежата (водоводна) се состои од секундарни и примарни линии со различни дијаметри од ф 40мм – ф 450мм кои воедно се и од различен материјал и тоа челични, азбестноцементни,лиеножелезни (поцинкувани) ПВЦ цевки и П.Е.црево

Во текот на 2015 година во делот на Водоводот извршени се следниве интервенции и активности.

- Интервенирано е вкупно на 879 пријавени дефекти на водоводни приклучоци

- Интервенирано е на поправка на дефекти на примарна и секундарна мрежа во вкупен број 279 интервенции.





- Издадени се вкупно 98 решенија за приклучување
- Изведерни се вкупно 73 нови приклучоци на водоводната мрежа
- Поправени се 65 пријавени водомери кои не работат
- Заменети се 150 водомери со нови.
- Репарирани се вкупно 250 водомери
- Извршени се вкупно 290 други интервенции во делот на водоснабдувањето (интервенции на резервоари,интервенција,линијски вентили на препумпни станици,интервенции во делот на хлорирањето,чистење на каптажи и др.)
- Издадени се вкупно 135 нови согласности за приклучок во канализационата Мрежа (поради започнување со приклучување на корисниците од Мрзенци) И издадени се вкупно 85 нови согласности за водоводни приклучоци.
- Изработена е Ревизија на основен проект за снабдување на Гевгелија со вода од бунарско подрачје ,,Моин,,изработен ,,Елаборат за хидрогеолошко испитувања на Бунари ,,Моин;, и пристапено е кон комплетирање на потребни документи за добивање на ,,Водно право,, за истото бунарско подрачје.
- Извршена е реконструкција како и доградба на нова водоводна мрежа во должина од 800 метри. ( ПЕ 100мм Миравци 200 метри.-, нова водоводна линија ф 110 мм ПЕ ,,Булевар Гевгелија,, 600 м.
- Извршена е промена на главни улични вентили бр.12



-Со мрежата е покриено водоснабдувањето на градот Гевгелија, Стојаково, Богородица, Мрзенци, Моин, Негорци, Прдејци, Негорски Бањи и Граничен премин,Смоквица и Миравци со нас,места Давидово и Милетково.

**Контрола на водата за пиење**

За периодот 01.01.-31.12. 2015 год. се вршеше редовна контрола на квалитетот на произведената вода од страна на Заводот за здравствена застита Велес (центар за јавно здравје).
Во текот на 2015 година земени се вкупно 240 примероци за анализа или просечно по 20 анализи на месечна основа од разни мерни места во Гевгелија и другите населени места.Во овие анализи спагаат редовните физичко-хемијски и микробиолоски анализи како и вонредните анализи кои се однесуваат на контрола на количината на арсенот во водата за пиење. Произведената вода беше редовно хлорирана и контролирана. при што секогаш беше констатирано присуство на хлор во дозволена граница (0,2- 0,4мгр./л доволно за дезинфекција).

Пробите се земаа од одредени мерни места предвидени со програмата, а во согласност со законот за земање на проби по еквивалентен број на жители ЕЖ. Во градот за анализа вода се зема од пет мерни места
(ОУ К.Мисирков, Г.Болница, Ж.станица, детска градинка, Комуналец-управа), а од околните населени места еднаш месечно.
Земените примероци одговараат на правилникот за безбедност на водата за пиење а за да се избегнат одредени недостатоци и да се анулира можноста за појава на одредени недостатоци од октомври 2012 год. е воведен нов Режим на снабдување со вода на Гевгелија и населените места кои се снабдуваат од Градскиот водоводен систем –односно од бунарско подрачје ,,Моин,,и,,Вардар,,.

**Градежна група и група за одржување на канализациона мрежа**

Во склоп на своите планирани активности како и од укажаната потреба од реализирање на одредена активност градежната група и групата за одржување на канализационата мрежа работејки како една целина во текот на 2015 година ги реализираше следниве активности.

**А./Канализација.**

**1**.

- Направени се вкупно 240 интервенции на уличната канализациона мрежа и физички лица заради пробивање и прочистување на истата во деловите каде што се појавуваше проблем во нејзиното функционирање. При интервенциите употребени се канализациони сајли и цистерна за вода (во 175 интервенции).

**2**. Планирани интервенции 70

- Во текот на 2013година направени се вкупно 50 интервенции заради отпушување и ставање во функција на пречистрителните станици за отпадни води во Миравси и Богорофица како и на препумпните станици во Прдејци и Мрзенци.

 

**3**.  Планирани приклучоци  60 бр.

- Изведени се нови приклучувања на канализационата мрежа на индивидуални стамбени и деловни објекти- вкупно 43 а се издадени вкупно 66 решенија за нови приклучоци.

**4**.  Планирано прочистување на 180 - 350 сливници.

- Во текот на цела 2015 год.континуирано се вршеше проверка и чистење на улични сливници и извршено е редовно прочистување на уличните сливници за прифакање на атмосферските води  при што беа опфатени речиси улични сливници -400 бр.
- Во текот на годината во повеке наврати извршен е увид во состојбата на канализациомата мрежа заедно со комунален инспектор при Општина Гевгелија и утврдено е дека воглавно истата е задоволителна и ја извршува својата функција со незначителни недостатоци.

**5.**- Во делот на реконструкција –новоизведена канализационата мрежа
Во текот на 2015 год. Извршени се поправки-санација и подигање на пропаднати и оштетени Ревизиони шахти вкупно 10 бр.
Исто така заменети се оштетени  и дотраени лиено-железни капаци и рамови 14 броја .
-Изведена е нова канализациона линија со ф315 мм во должина од 200 метри. На ул.Александар Сингер-Гевгелија

**Б./ Градежна група**

Во текот на 2015 година изведени се следните работи.

**1.** Планирано е изработка на 80 - 100 бетонски оквири.

- Изработени се двојни бетонски оквири на гробишта во Гевгелија вкупно 90 бр. во најновиот дел на гратски гробишта

**2**. Планирано бетонирање на патеки 80 - 120 м/2.

- На новиот дел од гробиштата во Гевгелија бетонирани се вкупно 100 м/2 патеки помегу гробните места со цел на дооформување на новиот дел и ставање на истиот во функција за да може да се извршува закоп на мртовци.

**3.-** Предвидени за изработка 10 - 20 бр.

- Изработени се 12 нови ревизиони водомерни и канализациони шахти како 2 нови сливници за прифакање на атмосферска вода.

4.- Извршено е бетонирање- поставување на бекатон на прокопани делови од улици и тротоари по отстранување на дефекти на водоводни и канализациони линии во вкупен обем од 68 м/2

5.- Во текот на 2о15 год. Во соработка со сообракајната полиција и инспектори од Општина Гевгелија поставени се нови сообракајни знаци и патокази насекаде во градот и во населените места - околу 20

Работниците од градежната група и групата за одржување на канализационата мрежа активно учествуваа во отстранување и санација на дефекти на водоводни линии со ископ затрупување и санација на прокопаните улици и тротоари, како и при појавување на потреба од ангажирање на истите во другите сектори .

# СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА, ОДРЖУВАЊЕ НА ЈПП, ГРАДСКИ ГРОБИШТА СО КАПЕЛА, ГРАДСКИ ПАЗАР, МЕХАНИЧКА РАБОТИЛНИЦА И СПОРТСКИ ТЕРЕНИ

Активности и задачи во овој сектор за 2015 беа:

1. Комунална хигиена – собирање смет
2. Одржување на градските и приградските јавно – прометни површини
3. Одржување на градските гробишта
4. Функционирање и работење на градска капела
5. Функционирање и работење на градскиот пазар
6. Функционирање на механичка работилница
7. Функционирање и одржување на спортски терени (тениско игралиште – дупло, спортска сала ДТВ "Партизан")

## 1.**Комунална хигиена**

Активностите и работните задачи во секојдневното работење на секторот Комунална хигиена беа следните:

- Собирање и изнесување на смет од индивидуалните станбени објекти и подигање и празнење на контејнерите од колективните станбени комплекси

-Собирање и изнесување на смет од индустриските капацитети, деловни објекти, и хотели

-Собирање и изнесување на смет од приградските населени места како и викенд населбите.

-Собирање и изнесување на смет од привремениот транзитен центар за раселени лица и гранична зона

-Одржување на градската депонија за смет и одржување на депониите во населените места Негорци и Богородица

-Во текот на 2015 година во населените места Миравци, Негорци, Прдејци, Смоквица, Мрзенци, Богородица, Милетково и Давидово на веќе постоечките, поставени се уште 20 нови контејнери од 1,1м$^3$. Подигањето и празнењето на контејнерите и собирањето смет во населените места Миравци, Милетково и Давидово се врши еднаш неделно во понеделник и вторник. Во Смоквица, Прдејци, Негорци, Мрзенци и Богородица, сметот се собира, односно контејнерите се подигаат и празнат два пати неделно во понеделник и петок.

-Извршувајќи ги секојдневните активности околу собирањето на смет од сите горе наведени објекти и населени места, во работните денови собрани се вкупно 49405 $м^3$ смет

-Во населеното место Миравци поставени се 20 контејнери од 1,1 $м^3$, а сметот се изнесуваше едмаш неделно,( во вторник )

-Во населеното место Негорци, поставени беа уште 7 контејнери од 1,1$м^3$ и сега вкупно има 30 контејнери од 1,1 $м^3$ и 5 контјенери од 5 $м^3$,а сметот се изнесуваше два пати неделно (понеделник и петок)

-Во населеното место Прдејци, има 12 контејнери од 1,1$м^3$ и сметот се изнесуваше два пати неделно (понеделник и петок)

-Во населеното место Смоквица, има 7 контејнери од 1,1$м^3$, а сметот се собираше и изнесуваше 2 пати неделно (понеделник и петок)

-Во населеното место Давидово, поставени се 3 контејнери од 1,1 $м^3$

-Во населеното место Богородица, поставени се 13 контејнери од 1,1 $м^3$

-Во населеното место Мрзенци, поставени се 11 контејнери од 1,1 $м^3$

-Во населеното место Моин, има 2 контејнери од 5 $м^3$ и сметот се изнесуваше еднаш неделно – четврток.

-Во населеното место Ново Конско има 2 контејнери од 5 $м^3$ , а сметот се изнесуваше еднаш неделно - четврток

-Во викенд населбите Конско и Смрдлива Вода, сметот се собираше редовно и тоа во зимскиот период еднаш до два пати месечно, а во летниот период еднаш неделно.

## 2. **Одржување на градските јавно – прометни површини**

Во активностите за одржување на ЈПП, претпријатието ги извршуваше следните работи:

- Чистење и метење на улиците од смет и отпадоци
- Чистење(метење) и одржување на улиците од коров, земја, песок и др.
- Дежурство, односно викенд чистење на централното градско подрачје
- Миење и полевање на улиците во летниот период

Улици и јавни прометни површини кои се опфатени со одредена динамика на чистење и одржување (6 дена во седмицата) се:

- Ул. “Маршал Тито” со површина од 22.900 $м^2$
- Ул. “ГП Одреди” со површина од 5.100 $м^2$
- Ул. “7-ми Ноември” со опвршина од 12.300 $м^2$
- Ул. “С.М. Данко” со површина од 10.080 $м^2$

- Ул. “Р. Ковачевиќ” со површина од 4.290 м²
- Ул. “Ј. Јосифовски” со површина од 5.090 м²
- Ул. “Р. Фаршинин” со површина од 2.300 м²
- Ул. “Мирче Ацев” со површина од 2.300 м²
- Ул. “Таља Бикова” со површина од 2.880 м²
- Ул. “Булевар Гевгелија” / од раскрсница со Ул. Деко Ковачев до почеток на натпатник на железничка линија/ со површина од 20.930 м²

Градскиот Плоштад со спомен Костурница се одржува и мети 7 дена во неделата.
За време на верски и државни празници, како и при разни собири, концерти и манифестации, секогаш се вршеше вонредно чистење, метење  и средување на просторот. Редовно се одржуваше чистотата на пешачките патеки како до мотелот на реката Вардар, така и пешачката петека до Негорски Бањи. Во населените места Богородица и Негорци, редовно се одржуваше хигиената (метење и чистење) на јавно прометните површини. Неколку пати во текот на годината се метеа и чистеа јавно прометните површини и во другите населени места и викенд-населби. Во летниот период со цистерна се полеваа и разладуваа улиците во градот и тоа на повеќе пати со вкупна површина од околу 140.000 м².
Неколку пати во текот на 2015, при организирање на собири од јавен карактер, музички концерти, локални саеми и други манифестации, се изврши монтирање на бина за сценски настап и се поставуваа штандови.

Со започнување на бегалската криза во летниот период, поточно од месец Јули 2015 год. ,активностите околу одржување чистота на ул.”Железничка“,“М.Тито“ , автобуска станица, железничка станица, перонот на железничка станица и воопшто просторот на целиот тој дел од градот,многукратно се зголемија.Активностите се одвиваа и после работното време, односно до касните вечерни часови.Се чистеа и парковите и зелени површини во тој дел од градот, а најмногу “Виолета“ парк.Собирањето и изнесувањето на смет се вршеше 3 пати на ден, а по потреба и повеке.Многу често целиот споменат простор, беше шприцан и миен со вода и тоа по неколку цистерни дневно.
Со превземањето на контролата на движење на раселените лица од страна на припадници на армијата на Р.Македонија и граничната полиција на Р.Македонија, неколку пати се чистеше и просторот околу железничкиот граничен премин, од каде што беа собрани големи количини на смет,парчиња од облека,мали шатори,најлони и други работи што позади себе ги оставаат раселените лица.
По изградба на времениот транзитен центар и негово ставање во функција, обврска на претпријатието беше да го изнесува сметот од тој простор.Сметот се подигаше и изнесуваше 2 пати дневно, а често по потреба и 3 пати дневно.Неколку пати се чистеше и просторот околу железничките станици во Прдејци и Миравци

3. **Одржување на градските гробишта**

Одржувањето на градските гробишта, капелата и обавувањето на погребната дејност се одвиваше редовно спрема потребите на граѓаните од тие услуги.

- Редовно се собираше и отстрануваше смет, суво цвеќе и друго од гробиштата и околу нив
- Редовно се косеа, чистеа и средуваа патеките околу гробните места
- Редовно се кастреа дрвјата и грмушестите растенија
- Редовно се подигаа и празнеа контејнерите за смет
- Редовно се изработуваа бетонски рамки за нови гробни места

Во 2015 година погребани беа вкупно 190 починати лица.

4. **Функционирање и работење на градската капела**

Функционирањето и работењето на капелата зависи од потребите за таква услуга. Активностите во капелата се одвиваат редовно, со 24 часовно дежурство во тек на 365 дена во годината. Починатите лица се примаат, чуваат и изложуваат согласно договор со нивни блиски. Во капелата се даваат услуги за потреби на луѓе и од околните населени места (чување и одржување на починато лице во разладна комора).
Редовно се одржуваше чистотата и хигиената во капелата и нејзините простории.

5. **Функционирање и работење на градскиот пазар**

Функционирањето и одржувањето на градскиот пазар се одвиваше редовно со секојдневно чистење, метење, миење и подигање и празнење на контејнерите со смет. Посебно зголемена активност има во пазарните денови (четврток), пазаришната такса се собира редовно, а по завршување на пазарниот ден, пазарниот простор се чисти и мети. И во 2015 година се увиде потребата од поголем простор за оваа намена и се наметнува потребата за негово дислоцирање.

6.**Механичка работилница**

Механичката работилница служи за одржување – поправање на возниот парк и други машини и алати. Во 2015 година во механичката работилница секојдневно се извршуваа поправки на возила – камиони за собирање на смет како и други лимаро – браварски активности. Особено чести поправки и интервенции се вршеа на позастарените возила како што се двата камиона “Фап”, “Застава”, ”Ивеко” и други. Интервенциите и поправките беа од различен карактер како на моторните делови, така и на хидрауличните системи и системите за кочење. Во

механичката работилница се врши поправка на алати и машини од сите работни единици во претпријатието како што се "Паркови и зеленило", "Градежна група" и други.

Исто така во механичката работилница конструирана и изработена е урбана опрема за потребите на градот и околните населени места.Во Негорци поставени се 2 лулашки, а во Моин поставени се 4 лулашки и 1 вртелешка.Во Гевгелија на повеке локации, изработени се и поставени :

- лулашки 20
- клацкалици 7
- кукичка 1
- лизгалки 2

За потребите на времениот транзитен центар за раселени лица, во механичката работилница изработени се повеке метални порти, стубови за монтажа на портите и извршена е монтажа на истите.Изработени се повеке метални делови за поставување на заштитната ограда на прифатниот центар, а дадена е и техничка помош при извршување на тие активности.

7. **Функционирање и одржување на спортски терени**

Функционирањето и одржувањето на спортските терени: тениско игралиште (дупло) и спортска сала ДТВ "Партизан", во текот на 2015 година, се одвиваше редовно. Активностите на тениското игралиште се одвиваа во летниот период (Мај -Октомври), бидејќи игралиштето е од отворен тип. Редовно се закажуваа термини за користење на игралиштето, како за поединци-спортисти, така и за спортски клубови.

Во текот на 2015 година , неколку пати беа поправени оштетувања на мрежата со која е оградено тениското игралиште. Многу чето се оштетуваше кутијата односно таблата, со електроника и склопки за функционирање на рафлекторите и целокупното осветлување на теренот. Уништена беше и кутијата каде се наоѓаат броилата за мерење на потрошената електрична, но со интервенција на ЕВН истата беше поправена.

## Сектор Одржување на паркови и зеленило

Во 2016 година во Гевгелија уредените паркови површини изнесуваат 35.180 м². Претпријатието ЈПКД "Комуналец" ги одржува и зелените површини околу колективните станбени објекти со површина од околу 43.680 м² како и зелените површини на влезот на градот со приод кон реката Вардар и други помали и поголеми зелени површини околу градот. Неколку пати годишно, а посебно пред верски и државни празници се одржуваат и средуваат зелените површини во приградските населби Смоквица, Прдејци, Негорци, Богородица, Ново Конско, Моин и викенд населбите Смрдлива Вода, Конско и Хума.

Активностите кои го опфаќаат одржувањето на зелените површини и парковите се состоеја во :

- Косење на тревата
- Полевање на површините
- Полевање на дрворедите и жбунестите растенија
- Садење и окопување на цвеќе
- Чистење и отстранување на смет од самите зелени површини и паркови и друго

Во пластеникот (фолија) беа произведени околу 13000 цвеќиња за пролетна сеидба и исто токлу цвеќиња за зимско садење. Цвеќињата беа засадени во градот на места предвидени за тоа. Во пластеникот беа произведени и други видови на цвеќе и гмушести растенија, како од семе, така и од резанки.

Работната единица "Паркови и Зеленило"во зимскиот период изврши кастрење, режење и сечење на дрвјата во парковите и дрворедите по улиците во градот. Исто така редовно се вршеше кастрење и режење на дрвја и грмушки во околните населени места како што се: Негорци, Прдејци, Богородица и др. Редовно чистење на каналот "Рауљ,, по обилни дождови.

Во текот на целата година беше вршено косење на трева на сите гробишта во населените места и градските гробишта во Гевгелија.

Кастрење на трева и дрвенести растенија на патнитеправци : кружен тек-поранешна касарна, с.Ново Конско, кружен тек –булевар, бензинска пумпа-Негорци, фабрика за порти Богородица до табла општина Богданци(Стојаково), Понов мост старо школо Богородица,раскрсница за Принцес хотел до с.Богородица, патен правец с.Милетково-Миравци, Шимов бензинска-Сенатор , патен правец пред Милетково-Миравци и Миравци-Давидово, Граничен премин Богородица, Динќут, Вардарски рид.

## КОМЕРЦИЈАЛНО - НАПЛАТЕН СЕКТОР

Комерцијално-наплатниот секторот во 2015 година ги извршуваше своите редовни активности и задачи. Изготвување и наплата на сметки и фактури беше приоритет и основна задача. Дополнителните услуги беа посебно фактурирани кон секое правно и физичко лице на кој му беше извршена услуга или работа. Активност која се реализираше во тек на цела година е изјаснувањето на корисниците физички лица за погребната услуга (гробарина), за што се вршеше корекција на сметки во тек на цела 2015 година.Услугата за погребна дејност се фактурираше кон операторите и кон корисниците согласно одлуката на советот и изменитена законот. Продажбата и наплатата на билети на автобуска станица беше редовна секојдневно во текот на целата година.Дополнителна услуга која беше реализирана од пред крајот на годината беше наплатата на надомест за автобуси и такси возила кои превезуваат мигранти.

Набавките на стоки и услуги во делот на комерцијата се вршеа согласно потребите на работењето, според годишниот план за јавни набавки и законските прописи.

### 1. Физички лица

Во текот на 2015 година се изготвени и доставени сметки кон корисници вкупно 105.372 сметки. Изготвувањето на сметки е спроведено по контрола на состојбите на водомерите на потрошена вода а на новопоставените далечински водомери автоматски се внесува отчитаната сотојба,контрола на површината по м2 за која се пресметува ѓубретарина,дворно место и контејнер, продолжува отпочнатото фактурирање во околните села каде започна редовно да се изнесува сметот и ажурирање на другите податоци кои се обработуваат-нови корисници, продадени објекти,наследени објекти и сл.

Со редовното доставување на сметки, беа доставувани и Опомени до оние корисници кои ги немаат платено своите сметки, во текот на 2015 година околу 10.000 опомени за неплатен долг.

Беа извршени контроли по пријава за поправка на водомери по барање на сите корисници за неисправност или дефект.Водомерите кои беа поправени и беа монтирани се ставени во евиденција.

Други активности кои беа извршени се : потпишување на договори за водоснабдување со корисниците : евидентирање на нови приклучоци; пријавување дефекти на водомери, вентили и линии; контрола и др.активности по барање на странки поврзани со работењето на овој сектор. Одговор и внес на податоци на секое писмено барање од корисниците, обработка на податоци за социјалните случаи кои ги субвенционира Општина Гевгелија, и промена на податоци по документи.

Преглед на наплата во 2015 год. и споредбен преглед со 2014 г. од инкасатори за физички лица

Наплатени сметки по инкасатори од редовни сметки во 2015 година

| Год. | Фактурирано | Наплатено | | |
|---|---|---|---|---|
| 2015-вкуп. | 49.481.399,00 | 41.047.065,00 | | |
| Инк-1 | 6.003.555,00 | 4.934.732,00 | | |
| Инк-2 | 8.259.958,00 | 6.835.663,00 | | |
| Инк-3 | 1.713.755,00 | 1.362.897,00 | | |
| Инк-4 | 7.952.346,00 | 6.835.638,00 | | |
| Инк-5 | 2.632.373,00 | 2.176.712,00 | | |
| Инк-6 | 6.423.707,00 | 5.378.219,00 | | |
| Инк-7 | 7.029.985,00 | 5.785.762,00 | | |
| Инк-8 | 5.666.491,00 | 4.521.155,00 | | |
| Инк-9 | 3.799.229,00 | 3.216.287,00 | | |
| с-ка услуги | 2.376.790.00 | 1.706.077.00 | | |

Наплатени сметки по инкасатори од утужени во 2015 година

| Год. | Фактурирано | Наплатено | | |
|---|---|---|---|---|
| 2015-вкуп. | 4.073.583.00 | 694.521.00 | | |
| Инк-1 | 787.057.00 | 94.345.00 | | |
| Инк-2 | 555.924.00 | 99.515.00 | | |
| Инк-3 | 122.259.00 | 33.364.00 | | |
| Инк-4 | 510.944.00 | 118.565.00 | | |
| Инк-5 | 223.831.00 | 51.057.00 | | |
| Инк-6 | 513.967.00 | 76.496.00 | | |
| Инк-7 | 544.283.00 | 97.717.00 | | |
| Инк-8 | 549.155.00 | 95.864.00 | | |
| Инк-9 | 266.163.00 | 27.598.00 | | |
| | | | | |

Наплатени сметки по инкасатори од редовни во 2014 година

| Год. | Фактурирано | Наплатено | | |
|---|---|---|---|---|
| 2014-вкуп. | 49.463.959,00 | 41.683.296,00 | | |
| Инк-1 | 6.433.488,00 | 5.443.984,00 | | |
| Инк-2 | 8.885.889,00 | 7.600.226,00 | | |
| Инк-3 | 683.236,00 | 504.535,00 | | |
| Инк-4 | 6.661.659,00 | 5.753.410,00 | | |
| Инк-5 | 3.262.812,00 | 2.646.102,00 | | |
| Инк-6 | 6.332.219,00 | 5.455.162,00 | | |
| Инк-7 | 7.434.144,00 | 6.303.869,00 | | |
| Инк-8 | 4.806.349,00 | 3.927.713,00 | | |
| Инк-9 | 3.128.314,00 | 2.616.291,00 | | |
| с-ка услуги | 1.835.850.00 | 1.432.003.00 | | |

Наплатени сметки по инкасатори од утужени во 2014 година

| Год. | Фактурирано | Наплатено | | |
|---|---|---|---|---|
| 2014-вкуп. | 6.490.968.00 | 1.329.150.00 | | |
| Инк-1 | 1.104.259.00 | 150.991.00 | | |
| Инк-2 | 788.250.00 | 98.806.00 | | |
| Инк-3 | 212.161.00 | 65.108.00 | | |
| Инк-4 | 746.917.00 | 142.498.00 | | |
| Инк-5 | 332.536.00 | 100.102.00 | | |
| Инк-6 | 703.180.00 | 158.448.00 | | |
| Инк-7 | 1.018.320.00 | 204.625.00 | | |
| Инк-8 | 703.312.00 | 145.752.00 | | |
| Инк-9 | 882.033.00 | 262.820.00 | | |
| | | | | |

## 2.Правни лица

Извршено е месечно фактурирање по околу 760-800 редовни фактури месечно, или за тековниот период 2015 вкупно 9.932 фактури а со дополнителни 710 фактури за разни извршени услуги се вкупно 10.642 фактури .

Во текот на целата година беа изготвени и се доставени опомени, финансиски картици, телефонски контакти и директни контакти со странките,за зголемување на процентот на наплатата. Исклучување од водоводната мрежа немаше .

Водомерите кои се неисправни посебно кај корисници кои трошат поголеми колични редовно се контролираат и се настојува да се изврши поправка во што пократок рок.Мал број фирми беа опфатени со замена со нови водомери со далечинско отчитување .

**Табеларен преглед на вкупна наплата споредено 2015г. со 2014г..**

Вкупно Фактурирано/Наплатено во 2015 г

| Год. | Фактурирано | Наплатено | | |
|---|---|---|---|---|
| 12/14-11/15 | 42.820.490.00 | 44.474.443.00 | | |

Вкупно Фактурирано/Наплатено во 2014 г

| Год. | Фактурирано | Наплатено | | |
|---|---|---|---|---|
| 12/13-11/14 | 38.143.868.00 | 39.699.951.00 | | |

Вкупно наплатено по поднесени предлози до нотар во 2015 г.

| Период | Поднесени предлози | Наплатено по предлози | | |
|---|---|---|---|---|
| 2012-2015 | 1.212.314.00 | 2.054.222.00 | | |

Вкупно наплатено по поднесени предлози до нотар во 2014 г.

| Период | Поднесени предлози | Наплатено по предлози | | |
|---|---|---|---|---|
| 2011-2014 | 5.029.517.00 | 342.557.00 | | |

Во тековната година беа набавувани стоки и услуги согласно Законот за јавни набавки со објава на огласи и прибирање на понуди за набавка на стоки и услуги, склучување на договори , кои се предвидени во годишниот план за јавни набавки. Се спроведуваа постапки за јавни набавки со испитување на пазарот, изготву-вање барање за согласност до Советот за јавни набавки, покани, понуди, технички спецификации и тендерски документации, записници од отварањето, евалуаци-ја и извештаи, договори за доделување јавна набавка (Прилог на овој извештај е Евиденција на спроведени постапки објавени на Биро за јавни набавки);

**Автобуска станица Гевгелија**

Во период 01.01. до 31.12.2015 година, автобуската станица работеше секој-дневно од 05 до 21 часот.Вкупно беа продадени 48.058 билети, најголем дел за ре-лацијата Гевгелија-Скопје и за релациите Гевгелија-Струмица и Гевгелија-Битола.

Остварен е вкупен промет од продажба на билети во износ од 15.603.340.00 денари и од станична услуга и заверка на билети 1.375.700,00 денари.

За користење на перон и провизија за продажба на билети, фактурирано е кон фирмите превозници вкупно услуги кои изнесува 2.797.899,00 денари.

Во тековната 2015 година проектот за продажба на Е-билети се уште не е целосно реализиран .

**Наплата на надоместок за влез во простор за паркирање и прифаќање на патници-мигранти**

Наплатата на надоместокот за влез во простор за паркирање и прифаќање на патници-мигранти определена од Советот на Општина Гевгелија се вршеше по повик, со 24 часовни дежурства со определени смени на вработени во ЈПКД Комуналец Гевгелија и вработени во Општина Гевгелија.Со сите превозници беа склучени договори.

Евидентирањето на превозниците - такси возила и автобуси, се вршеше редовно при тргнување од определениот паркинг простор а евиденцијата на податоците за превозниците редовно беше доставувана до Центарот за управување со кризи согласно нивните барања.

Наплатените средства во вкупен износ од 463.890.00 денари беа распределени согласно одлуката на Советот на Општина Гевгелија и за нив се води посебна евиденција .За неплаќачите на надоместокот ќе бидат превземани мерки за наплата и санкции, заеднички во соработката со надлежните од Општина Гевгелија.

## ФИНАНСИСКО СМЕТКОВОДСТВЕН СЕКТОР

финансиски извештај за 2015 година

Од изготвената годишна сметка за 2015 година на Ј.П.К.Д.Комуналец- може да се согледа следното:

Остварен вкупен приход . . . . . . 95.603.128,00
Направени трошоци . . . . . . . . 94.243.075,00
Остварена бруто добивка . . . . . 1.360.053,00
Данок на добивка . . . . . . . . . . . . . . . . 467.331,00
Нето добивка . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 892.722,00

Споредени овие податоци со програмата за 2015 година (која беше усвоена од Управен одбор) се следните :

Планиран вкупен приход . . . . . 90.100.000,00
Планирани трошоци . . . . . . . 89.850.000,00
Планирана добивка . . . . . . . . . 250.000,00

Во вкупниот приход најголеми приходи се остварени од:

Приходи од вода . . . . . . . . . 33.942.028,00
Приходи од чистота . . . . . . . . 22.615.814,00

Исплатени се дванаесет бруто плати на вработените.

Обврски према добавувачите исплатени се во износ од =47.557.362,00 ден. и останува за исплата уште =6.934.737.00 ден.

По основ на кредити и позајмици имаме задолжување по основ на одобрениот кредит на КФВ банка и истиот изнесува =28.810.823.00 денари.

Пресметан данок на додадена вредност во износ од =6.135.213,00 ден. пребиен со влезниот данок за =3.611.780,00 и разликата во износ од =2.523.433,00 ден. е платен ДДВ.

Пресметан и уплатен персонален данок на основа извршени услуги по договор ,надоместок на Управен одбор и надзорен одбор имаме =64.432.00 денари.

**Планирани прих. програма 2015 / Остварени приходи 2015**

1.Приходи од вода. . . . . . . 33.500.000.00. . . . . . . . . . . 33.942.028.00
2.Приходи од канализ. . . . 11.000.000.00 . . . . . . . . . 11.352.825.00
3.Приходи од чистота. . . 19.000.000.00. . . . . . . . . . 22.615.814.00
4.Приходи од пог.дејн. . . 6.300.000.00. . . . . . . . . . . 4.990.199.00
5.Приходи од пазар . . . . . 2.300.000.00. . . . . . . . . . . 1.945.106.00
6.Останати приходи. . . . . 15.100.000.00. . . . . . . . . . . 18.520.518.00
град.група и канал. . . 800.000.00 . . . . . . . . . 1.007.110.00
прих.ЈПП,паркови и зеле-
нило, депонија и ост . 8.500.000.00 . . . . . . . . . 7.006.983.00
вод. услуги. . . . . . . . . 1.300.000.00 . . . . . . . . . 2.063.752.00
баждарење . . . . . . . . 2.000.000.00 . . . . . . . . . 2.001.585.00
автобуска станица . . . . 2.500.000.00 . . . . . . . . . 3.705.210.00
ост.приходи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 2.735.878.00
7.Други и вонр. прих. . . . . 2.900.000.00 . . . . . . . . . . 2.236.638.00

**Вкупно се : . . . . . . . . . . . . 90.100.000.00 . . . . . . . . . 95.603.128.00**

**Планирани трошоци програма 2015 / Направени трошоци 2015**

1.Пот.м-ли,рез.дел.сит.инв.. 5.300.000.00. . . / . . . . . . . . 6.949.131.00
2.Потр.енергија . . . . . . . . . 10.500.000.00. . . / . . . . . . 11.078.413.00
струја . . . . . . . . . . . 6.700.000.00. . . / . . . . . . 7.692.293.00
гориво. . . . . . . . . . . 3.800.000.00 . . / . . . . . . . 3.017.787.00
останати т-ци за енергија. . . . . . . 368.333.00
3.Произ.трансп.и др.усл. . . 3.200.000.00. . ./ . . . . . . . 2.957.134.00
4.Надомес на т-ци на враб.
и дневн.за служ.пат. . . . 1.650.000.00. . . / . . . . . . . 2.070.718.00
5.Репрез.рекл.проп.спонз. . . 400.000.00. . ./ . . . . . . 310.335.00
6.Премии за осигур. . . . . . . . 200.000.00. . ./ . . . . . . . 160.923.00
7.Бруто плати . . . . . . . . . . 53.300.000.00. . ./ . . . . . 54.376.331.00
8.Амортизација. . . . . . . . . . 6.300.000.00. . ./ . . . . . . 6.729.251.00
9.Вредн.усоглас.побар. . . . . 3.500.000.00. . ./ . . . . 3.763.540.00
10.Др.тр-ци и расходи . . . . 5.500.000.00 . . ./ . . . . 5.847.298.00
**Вкупно се : . . . . . . . . . 89.850.000.00 . . . / . . . . . . 94.243.074.00**

## СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ

Во 2015 година во сецтор за општи и правни работи редовно се извршуваа сите работни задачи и активности кои произлегуваа од тековното работење и кои се однесуваат на следење и спроведување на закони и законски прописи како и подзаконски акти, од областа на извршување на дејностите на претпријатието, но и вонредни активности на претпријатието произлезени од воведувањето на кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија.

Се следеше донесувањето и измените и дополнувањата на материјалните закони. Во таа насока најобемна активност произлезена е од Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор, при што отпочнато е со изготвување на Правилник за внатрешна организација и Правилник за систематизација на работните места.

Подготвувани се седници на органите на управување со изготвување покани и материјали за седници и од нив произлезените записници, одлуки и заклучоци. Управниот одбор на ЈПКД Комуналец Гевгелија одржа единаесет седници (прилог Извештај за работата на Управниот одбор), а Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење одржа шест седници (прилог Извештај за работата на Надзорниот одбор).

Изготвувани се потребните Решенија за вработените кои произлегуваат од правата и обврските на работниот односи и спроведувани пријави и одјави во задолжително социјално осигурување и слично. Во 2015 година има пе тпријави на нови вработени на определено време до 30 дена и пет одјави на вработени (1 пензионирање, 2 отказ, 1 починат и 1 неплатено отсуство до три месеци).

Се изготвуваа договори кои произлегуваат од потребите за одделните дејности на претпријатието (кориснички, за приклучок на водовод и канализација, за еднократни и итни набавки, за деловна соработка со надлежни институции поврзани со прифатниот центар за бегалци „Винојуг“ и други).

Се присуствуваше и учествуваше на расправи пред надлежен суд во соодветни постапки како тужител и како тужен. Во 2015 опоменати пред тужба се вкупно 1350 од кои 619 опомени за правни лица и 731 опомени за физички лица, поднесени се вкупно 777 предлози до надлежен нотар од кои 730 за физички и 47 за правни лица.

Давани се информации од јавен карактер – во 2015 година примени се и одговорени девет барања информации од јавен карактер.

Се заведуваа влезни и излезни писма, документи и акти во деловодникот на претпријатието и интерни доставни книги, како и книга за пошта.

Број на заведени предмети во деловодникот за 2015 година изнесува2001.

Број на заведени предмети во деловодник за судски предмети за 2015 г. е 945.

Број на заведени предмети во деловодник за склучени договори и анекси на договори со корисници за 2015 изнесува 21.

Број на заведени предмети во Уписник за првостепена управна постапка е 229. Заведени предмети во Уписник за претставки и предлози во 2015 година нема.

Секојдневно се одржуваше хигиената во деловните простории. Секој работен ден се предаваше односно примаше пошта за и од претпријатието, а чуварската служба ја извршуваше својата работа непрекинато и секојдневно во дневна и ноќна смена.

ЈПКД Комуналец Гевгелија